Архивски знак: ____________
Рок на чување: ____________ год
____________ 20___ год.
Потпис

United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization
World Heritage Convention

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
Бр.-Nr. 35-1663/13
25.02 2021 год.-viti
Скопје-Shkup

*Анекс 13 од Оперативниот водич*

ФОРМАТ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ
НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА СОСТОЈБАТА СО ЗАШТИТАТА
ОД СТРАНА НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ

**(согласно Параграф 169 од Оперативниот водич)**

**СВЕТСКО НАСЛЕДСТВО – ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН** - (Република Северна Македонија) (C/N 99ter)

**Извештај за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (43 COM 7B.36)**

## Извештај за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (43 COM 7B.36),

**Име на доброто**: Природно и културно наследство на Охридскиот регион (Република Северна Македонија) (C/N 99ter)

**Датум на впишување**: 1979
**Проширување**: 1980, 2019
**Година на незначителна промена на границите**: 2009
**Критериуми:** (i) (iii) (iv) (vii)

### Кратко резиме на извештајот

Република Северна Македонија останува цврсто посветена на зачувување на статусот на Светско наследство за Природното и културно наследство во Охридскиот регион. Овој Извештај за состојбата со заштитата на Светското наследство – Природно и културно наследство на Охридскиот регион (Република Северна Македонија) е во насока на истакнување на заложбите на државата членка која значително ги интензивираше своите активности за спроведување на Одлуката на Комитетот за светско наследство (43 COM 7B.36), исполнување на препораките на Реактивната мониторинг мисија (2017), и продлабочување на билатералната соработка со Република Албанија во насока на заедничко управување со Доброто.

Во текот на извештајниот период, Република Северна Македонија го донесе Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион (2020-2029). По усвојувањето на Планот за управување, Комисијата за управување со природното и културното наследство ја интензивираше својата работа со цел да осигура дека сите планови, проекти и активности во регионот се усогласени со параметрите за заштита утврдени со Планот за управување. Во 2020 година, Комисијата разгледа вкупно 71 предмети, при што 49 од нив не биле одобрени и биле вратени заради нивно усогласување со Планот за управување. 19 предмети биле позитивно одговорени, додека 3 барања биле целосно одбиени како штетни по вредностите на Охридскиот регион. Дополнително, Комисијата остваруваше редовна комуникација со институциите на централно и локално ниво во насока на интензивирање на остварување на постоечките препораки и одлуки.

Во изминатиот период Република Северна Македонија целосно се посвети на соработката со Центарот за светско наследство и советодавните тела и исполнување на одредбите од Оперативниот водич. Во таа насока беше спроведена и една советодавна мисија во декември 2019 година, а беше и усогласен предлог проект за санација на кејот на Охридското Езеро во Охрид.

Дополнително, Република Северна Македонија ја заврши првата фаза од санацијата и рехабилитација на колекторскиот систем на Охридското Езеро, за што беа обезбедени над 4 милиони евра средства од државниот буџет за изведување на работите. Во 2020 година, продолжи проектот за пренасочување на течението на Реката Сатеска. Изградбата на структурите кои се потребни за делумно враќање на течението на реката Сатеска во коритото на реката Црн Дрим е предвидено да бидат завршени најдоцна до крајот на 2023 година.

По Одлука на Комитетот за светско наследство 43 COM 8B.9 (Баку, Азербејџан, 2019) за прифаќање на проширувањето на границите на доброто на територијата на Република Албанија, двете држави членки пристапија кон воспоставување систем за заедничко управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион. Беше формиран Комитетот за заедничко управување кој и покрај отежнатите околности од здравствената пандемија оствари две средби во текот на 2020 година.

Република Северна Македонија целосно се посветува на Одлуките на Комитетот за светско наследство со цел развој и спроведување на мерките за исполнување на најитните препораки наведени во Препораките и од Реактивната мониторинг мисија во 2017 година. Некои од корективните мерки и бараните активности се веќе спроведени, а некои се очекува да бидат финализирани во текот на 2021 година.

Во 2021 година, согласно Планот за управување, поништена е туристичко-развојната зона Љубаништа 1, а претстои и изработка на Детален урбанистички план за крајбрежјето на Охридското Езеро. Тече законски предвидениот рок за прогласување на Студенчишкото Блато како заштитена зона. Процесот треба да заврши до јуни 2021 година. Дополнително, а согласно законските рокови и предвидената динамика, Законот за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата се очекува да биде усвоен во октомври 2021 година.

**Одговор на Комитетот за светско наследство:**

<u>Одлука: 43 COM 7B.36</u>

***<u>Комитетот за светското наследство,</u>***

1. ***<u>Откако го разгледа</u> документот Document/WHC/19/43. COM/7B,***
2. ***<u>Повикувајќи се</u> на Одлуките бр. 40 COM 7B.68 и 41 COM 7B.34, усвоени на 40-та (Истанбул/УНЕСКО, 2016) и 41-та (Краков, 2017) сесија,***
3. ***<u>Го поздравува</u> запирањето на постапката за измена на Планот за управување со Националниот Парк Галичица, особено неговото зонирање, кој „де факто" ги сопре градежните проекти на подделници (а) и (е) од патот А3 и Ски центарот Галичица во рамките на доброто.***

*Сепак, истовремено смета дека овој чекор не е доволен за значително да се намали ранливоста на доброто;*

4. *Воедно, повикувајќи се на одлуките кои ги поддржуваат заклучоците од Реактивната мониторинг мисија од 2017, а кои наведуваат дека севкупната состојба на заштита на доброто е ранлива од повеќе закани и, доколку не се спроведат приоритетните препораки во рок од две години, доброто би можело да ги исполни критериумите за впишување на Листата на светско наследство во опасност,*
5. *Забележува дека постои делумен напредок во спроведувањето на итните барања и препораки на Комитетот, вклучувајќи го одложеното спроведување на клучните одредници без притоа да се предложи ревидирана временска рамка, особено мораториум на било каква трансформација во рамките на доброто, инвентар на бесправно изградените објекти и уривање на оние кои негативно влијаат на исклучителната универзална вредност (ИУВ) на доброто, одобрувањето на сите релевантни плански документи, вклучувајќи го и Планот за управување, како и други клучни препораки на заедничката реактивна мониторинг мисија на Центарот за светско наследство/ИКОМОС/ИУЦН од 2017 година;*

Забелешките се адресирани понатаму во Извештајот.

6. *Забележува дека државата не го информира редовно Центарот за светско наследство за проекти и активности за планирање кои се изготвуваат во границите на доброто, а во согласност со параграф 172 од Оперативниот водич;*

Во изминатиот период Република Северна Македонија целосно се посветува на соработката со Центарот за светско наследство и исполнување на одредбите од Оперативниот водич. Согласно параграф 172 од Оперативниот водич државата членка во септември 2019 година ја достави проектната документација за „*Проектот за реконструкција на кејот во Град Охрид*" до Центарот за светско наследство и советодавните тела. За дел од отворените прашања се разговараше и во текот на Реактивната мониторинг мисија на крајот на јануари 2020 година, Дополнителна документација беше споделена со експертскиот тим, вклучувајќи и графички прикази за предлог проектот.

Како резултат на дискусиите со експертскиот тим на Реактивната мисија и насоките наведени во Извештајот, Општина Охрид ги прифати забелешките дадени во однос на екстензијата на кејот кон езерото и ја усогласи проектната документација.

Корегираниот проект беше дизајниран без дополнително проширување на димензиите на „Кејот Македонија". Предвидено е да се отстрани дел од кејот (100 см) од контактот со езерото кон кејот. Процесот ќе се одвива на следниот начин:

- Дрвени панели со димензии 2x1,5 м ќе бидат поставени на 2 м од стариот кеј за да се спречи какво било испуштање на градежниот отпад во езерото;
- Рачно отстранување на старите бетонски плочки;
- Бетонскиот слој од околу 25 см ќе се исечат со сечење на бетон машина;
- Отстранувањето на делот од стариот и руиниран кеј ќе се одвива полека и внимателно, чекор по чекор, во фази од не повеќе од 100 м по должината на кејот;
- По целосно поставување на новите столбови со дијаметар од 80 см, дрвените панели ќе бидат отстранети.
- Истата постапка фазно ќе биде реализирана по целата должина на кејот сè до целосно завршување на реконструкцијата на Кеј Македонија.

Во однос на архитектонскиот дизајн, урбаната опрема, осветлувањето како и парковското зеленило укажуваме дека ќе се обнови постојниот систем на осветлување (поставен кон крајот на 1960 година) со репарирање на постојните месингани столбови и нивно повторно поставување. Не е планирано поставување на ново осветлување, додека постојната урбана опрема и вегетација поред самиот кеј ќе се зачува во постојната состојба.

Целта на проектот за реконструкција на „Кејот Македонија" е санирање на многу лошата состојба на постојниот стар кеј (видливо од фотографиите во прилог) без притоа да се промени бреговата линија, односно да се навлезе со градба во езерото.

**Прилог 1**: Редизајнираниот проект за реконструкција на Кејот Македонија (кој останува во истиот габарит), без проширување во езерото и состојбата на постојниот кеј (прилог фотографии).

Во насока на исполнување на Препораките на Реактивната мисија од 2017 година, како и потребата за експертски инпут од советодавните тела, на барање на Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП), земјата членка побара стручни консултации од Центарот за светско наследство и советодавните тела со цел отстранување на дилемите кои постојат околу инфраструктурните активности во Охридскиот регион во однос на патната инфраструктура. Советодавната Мисија беше реализирана во периодот од 10-11.12.2019 година во Скопје.[1] Согласно извештајот на Советодавната мисија на ИКОМОС И ИУЦН, ЈПДП испрати известување до Центарот за светско наследство со појаснувања за преземените мерки и продолжува да соработува со УНЕСКО по овие прашања.

7. ***<u>Забележува со загриженост</u> дека државата се уште не се осврнала на препораките за железничкиот коридор VIII, и покрај барањето на Комитетот да се разгледаат алтернативни траси надвор од доброто и***

[1] Report on the joint ICOMOS/IUCN Advisory mission to the Natural and Cultural Heritage of the Ohrid Region (North Macedonian part), 10-12 December 2019;

***надвор од проширувањето предложено од Албанија; и на делницата од автопатот А2 Требеништа-Струга иако не е преземена соодветна проценка на влијанието врз наследството (HIA) за севкупното влијание на овој пат врз исклучителната универзална вредност на доброто, и го повторува барањето до државата итно да изнајде оптимални решенија за овие проекти, и притоа да се избегне влијанието врз исклучителната универзална вредност на доброто и предложеното проширување од страна на Албанија;***

По однос на препораките наведени во Извештајот на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО во Охридскиот регион од 2017 направена е сериозна анализа на наведените проекти од Коридорот 8 од надлежните институции, прифатени се препораките на УНЕСКО и времено се стопирани проектите. Се работи за долгорочен инфраструктурен проект кој е во рани фази и за кој не се предвидени финансиски средства. Во насока на исполнување на Препораките од Реактивната мисија, Република Северна Македонија го подели проектот за железницата во два стадиуми- Од Кичево до Струга и од Струга до Република Албанија. Земјата членка ќе отпочне процедура за барање на потенцијално финансирање на железничката пруга до Струга. За делницата од Струга до Република Албанија нема да се изведуваат никакви дополнителни работи.

По проширувањето на границите на заштитеното добро, Република Северна Македонија и Република Албанија ќе иницираат дијалог по ова прашање со цел да се изработи заедничка анализа на алтернативната рута. Претпријатието ЈП Железници на Република Северна Македонија Инфраструктура – Скопје иницира контакт со партнерската институција во Република Албанија со цел создавање на експертска група која ќе работи на анализата во 2021 година. Дополнително ова прашање ќе биде предмет на разговор помеѓу двете влади на повисоко политичко ниво низ постоечките иницијативи за билатерална соработка.

Околу преостанатите прашања поврзани со делницата А2, видете придонес под точка 6.

8. ***Со задоволство забележува*** **дека преземеното дејство на државата за долгорочните проекти кое вклучува систем за управување со отпадни води и пренасочување на реката Сатеска, и дополнително го поздравува усвојувањето на Законот за управување со природното и културно наследство во Охридскиот регион од страна на Владата, како и Владината одлука од јуни 2019 година, со која се задолжуваат сите релевантни домашни институции да ги имплементираат препораките на Центарот за светско наследство;**

Повеќе информации за колекторскиот систем и проектот за реката Сатеска понатаму во Извештајот.

9. ***Засилено ги повторува*** своите барања до државата во врска со:

а) **воспоставување мораториум за било какви урбани и крајбрежни трансформации во рамките на доброто се додека не се финализираат и усвојат сите релевантни плански документи, и се додека не се одобрат ефективни прописи за заштита и не се воспостават ефективни контролни механизми,**

**Туристички развојни зони Љубаниште 1 и 2**

Во Извештајот на Реактивната мониторинг мисија од 2017 година беа нотирани туристичко развојните зони Љубаништа 1 и 2. Укажуваме дека „зоната" Љубаништа 2 не постои и нема планови за нејзин развој. Локацијата како таква беше разгледувана во периодот 2015-2016 година, но оттогаш идејата за формирање туристичка развојна беше напуштена. Досега не се преземени законски или административни мерки за нејзино создавање. Во однос на Љубаниште 1, дополнително известуваме дека со Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.40-653/1 од 19 јануари 2021 година престана да важи „Одлуката за основање на туристичка развојна зона Љубаниште 1" (Одлука „Службен Весник на Република Македонија 59/15). Со ова е укината туристичката развојна зона „Љубаниште" и се поништија можностите за нејзиното влијание на вредностите на Охридскиот регион.

**Прилог 2**: Одлука на Влада.

Повеќе информации за воспоставување мораториум за урбани и крајбрежни трансформации понатаму во Извештајот (Препорака 6).

**б) изготвување инвентар на бесправно изградените објекти, проценувајќи го нивното влијание врз исклучителната универзална вредност на доброто преку соодветни процеси за проценка на влијанието врз наследството и проценка на влијанието врз животната средина и да пристапи кон уривање на сите оние градби кои претставуваат закана за доброто,**

**в) осигурување за строго спроведување на законите и прописите за да се спречи понатамошно бесправно градење,**

Како што беше нотирано и во Извештајот за напредокот доставен до Центарот за светско наследство на УНЕСКО во февруари 2020 година, согласно задолжението на Владата на Република Северна Македонија, Министерство за транспорт и врски, во соработка со општините кои се наоѓаат во границите на доброто и на Националниот Парк Галичица, изработи инвентар на бесправно изградени објекти во регионот.

Напоредно со ова, општина Охрид отпочна со отстранување на дел од бесправно изградените објекти на нејзината територија. Имајќи предвид дека станува збор за комплексен процес проследен со голем број на административни постапки како и финансиски импликации за спроведување на уривањето, Министерството за транспорт и врски формира работна група која работи на подготовка на Акциски план со приоритети во отстранувањето на бесправните градби.

Согласно препораките на Реактивната мониторинг мисија и постојната законска рамка на државата, по спроведените оценки за влијанието врз животната средина и/или културното наследство, ќе се спроведе процесот на постапување со бесправно изградените градби (легализација, или ќе се пристапи кон отстранување на градбите доколку се оцени дека негативно влијаат и ги нарушуваат вредностите на регионот).

**Прилог 3**: Фотографии од активностите за отстранување во општина Охрид.

Повеќе за бесправните градби во одговорот на Препорака 9.

**г) финализирање на Планот за управување со доброто и усогласување на сите релевантни плански инструменти со крајна цел заштита и задржувањето на извонредната универзална вредност на доброто, како и доставување на Нацртот до Центарот за светско наследство и Советодавните тела, пред истиот да биде финализиран и усвоен,**

На 21 јануари 2020 година, по претходно мислење на Националната Комисија за УНЕСКО, Владата на Република Северна Македонија го донесе Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион (2020-2029) („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 45/20);

Финалниот План за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион со Акциски план беше доставен до Центарот за светско наследство на УНЕСКО во април 2020 година.

**е) спроведување на сите претходни барања на Комитетот и препораките од мисијата од 2017 година;**

<u>Автопат А2 (Препорака 2 и 3):</u>

Во однос на препораките на Реактивната мониторинг мисија за изградбата на автопатот А2 Требениште - Струга, како и изградбата на делницата Струга - граница со Република Албанија, во декември 2019 година на покана на Република Северна Македонија престојуваше Советодавна мисија на ИКОМОС и ИУЦН која со релевантните институции и Јавното претпријатие за државни патишта ги разгледуваа можностите за намалување на штетните влијанија од изградбата на автопатот А2 Требениште-Струга како и предлог трасата за делницата Струга-

граница со Република Албанија (Report on the Joint ICOMOS/IUCN Advisory Mission to Natural and Cultural Heritage of the Ohrid region (North Macedonian part), 10-12 December 2019 - https://whc.unesco.org/en/list/99/documents/). Со меѓународните експерти се разговараше и за тековното допроектирање за потребите на проектот за изградба на А2, делница Кичево-Охрид, особено по однос на делниците кои се протегаат во границите на заштитеното подрачје на културно и природно наследство на Охридскиот регион.

Во однос на дадените препораки од Советодавната мисија за автопатот А2 реализирани се следните активности:

- **Процена на кумулативните влијанија на пругата и автопатот А2 врз ИУВ** - Во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина з Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион 2019-2028 во точка 2.3.6. се разгледани кумулативните влијанија на инфраструктурните проекти во регионот меѓу кои се и железницата Кичево-Лин (траса од ОВЖС - студија) и автопатот А2 делница Требениште-Струга. Планирање на трасата на автопатот А2 и на мерките за ублажување на влијанијата врз животната средина и културното наследство во синергија со изборот на трасата на железничката пруга Кичево-Лин преставува активност од Планот, која треба да се реализира во рок до Октомври 2021 година.
- **Мерки за ублажување на загадувањето на водата по целата траса на автопатот А2 внатре и надвор од подрачјето прогласено за светско наследство** - овој проблем ќе биде решен со пренасочување на реката Сатеска во старото корито од вливот во Охридското Езеро во влив во реката Црн Дрим. Исто така предвидени се маслофаќачи на секој испуст кои треба редовно да се чистат од страна на ангажирана фирма од ЈПДП и истото е предвидено со Основен проект за сепаратори за масло за сите делници поединечно.;
- **Сите одлагалишта и нови позајмишта да се наоѓаат надвор од подрачјето на светско наследство** - предлог е земен во предвид, при изградбата на делниците од Коридорот 8 ќе се најдат локации надвор од границите на заштитеното подрачје за одлагалишта на вишок ископан земјен материјал. За потребите на изградбата на делницата Кичево - Охрид, Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион даде негативно мислење за предлог локацијата која ја понуди ЈПДП и истата ќе биде напуштена.
- **Тековни визуелизации од главните гледишта на можните влијанија врз интегритетот на подрачјето на Светско наследство** - Анализата на визуелните ефекти ќе се земе предвид при изработката на Упатствата за тендерските процеси во врска со имплементација во врска со имплементација на акцијата од Планот за планирање на трасата на автопатот А2 и на мерките за ублажување на влијанијата врз животната средина и културното наследство, во синергија со изборот на трасата на железничката пруга Кичево-Лин;

- **ЈПДП да побара од Изведувачот да работи заедно со Хидробиолошкиот институт во Охрид во врска со следењето на влијанијата врз Охридското Езеро** - ЈПДП и ангажираните Изведувач и Надзор веќе имаат воспоставено контакти и соработка со Хидробиолошкиот институт во Охрид. Изведувачот има ангажирано акредитирана лабораторија која врши мониторинг на квалитетот на реката Сатеска со што постојано се следи состојбата и квалитетот на водата;
- **Доколку не може да се предвиди измена на трасата, да се планира управување со водите кои истекуваат од автопатот и системот за одводнување на земјоделските земјишта како целина и истражете низа можни мерки за ублажување на загадувањето на водата** - во проектот за одводнување за автопатот Требениште-Струга дадено е техничко решение за прифаќање на површинските и подземните води и нивно одведување до најблискиот пропуст. Површинските води се прифаќаат со попречните наклони на коловозната конструкција и се насочуваат спрема канавки и риголи. Атмосферската канализација воедно претставува и дренажа со која се прифаќаат и водите од постелката. За прифаќање на овие води како и за прифаќање на одцедните води од обработливото земјиште изработени се голем број одводни канали кои овие води ги доведуваат во два собирни канали кои се протегаат лево и десно од трасата на автопатот. Водата од овие канали ќе истекува во реката Црн Дрим, не во Охридското Езеро. На местата каде што каналите се сечат со трасата на патот, за пропуштање на водата под трупот на истиот предвидени се пропусти. При рекогносцирање на теренот утврден е бројот на пропустите, нивниот вид и нивната големина, па според тоа, на целата делница предвидени се вкупно 46 (четириесет и шест). За одржување на квалитетот на водата исто така предвидени се 88 (осумдесет и осум) маслофаќачи.
- **За секцијата 3 од автопатот А2 Струга-Ќафасан да се разгледа алтернативна траса низ долината Френгово, подалеку од Охридското Езеро** - Сите препораки дадени за делницата 3 Струга-Ќафасан ќе бидат земени во предвид при изработката на Проектната задача за проектирање.

**Автопат А3 и Ски центар во Националниот Парк „Галичица“ (Препорака 4 и 5):**

Препораката во однос на изградбата на експресниот пат А3 како и ски центарот во границите на Националниот парк Галичица е во целост исполнета. Јавната Установа Национален Парк „Галичица“ (ЈУНПГ) со стопирање на процесот за изменување на Планот за управување со Национален парк Галичица (НПГ) за периодот 2011-2020 година, ги стопира и плановите за изградба на ски центар (нотирано во Извештајот за напредокот и спроведување на препораките од Комитетот за светско наследство 41 COM 7B.34, бр.34-11732/24 од 29.11.2018 год.).

И покрај значително намалениот број на туристи кои го посетија Националниот парк во 2020 година, поради рестрикциите наметнати поради пандемијата со корона вирусот COVID 19, ЈУНПГ во 2020 година ја обнови инфраструктурата долж системот на патеки (250 км обележани пешачки и велосипедски патеки) со промена на сите информативни табли, локациски таблички и патокази.

Истовремено ве информираме дека изработен е *Нацрт План за управување со НП Галичица (2021 – 2030)* во чиј составен дел се и *Стратегија за еколошка едукација на Национален парк Галичица за периодот 2021 – 2025 година*, и *Стратегија за развој на одржлив туризам во Национален парк Галичица за периодот 2021 – 2025 година*. Изработен е и *Нацрт – Извештај за стратегиска оцена на влијание врз животнаа средина* за наведениот План за управување. На овие плански документи се прави првична ревизија во Министерството за животна средина и просторно планирање, и истите ќе бидат доставени на разгледување до Центарот за светско наследство на УНЕСКО пред нивното усвојување.

<u>Воспоставување мораториум на секоја крајбрежна и урбана трансформација (Препорака 6):</u>

Во јули 2019 година, по добивањето на Одлуката на Комитетот за светско наследство (43 COM 7B.36, Баку, Азербејџан), Владата на Република Северна Македонија донесе одлука со која ги задолжи општините Охрид, Струга и Дебрца да донесат времен прекин на издавање на дозволи за градба и легализација на бесправно изградени објекти на територијата на Доброто. Согласно насоките на Владата, и постојната законска регулатива во Република Северна Македонија, советите на општините донесоа *Одлуки за времен прекин за донесување и спроведување на урбанистички планови и постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти* (Советот на општина Охрид ја изгласа Одлуката бр.08-11700/3 на 08.08.2019, „Службен Гласник на општина Охрид“ бр. 10/2019; Советот на општина Струга ја изгласа Одлуката бр.08-3344/8 на 14.08.2019, „Службен Гласник на општина Струга“ бр. 14/2019; и Советот на општина Дебрца ја изгласа Одлуката бр. 08-1719/13 од 19.08.2019, „Службен Гласник на општина Дебрца“ бр.09/19). Во текот на 2020 година Советите на општините Охрид, Струга и Дебрца донесоа нови *Одлуки за начинот на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документации како и за времен прекин на постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти* со важност до 01.10.2020 година (Одлука на Советот на општина Охрид бр. 08-3172/3 од 18.03.2020, „Службен Гласник на општина Охрид“ бр. 4; Одлука на Советот на општина Дебрца бр. 08-1333/13 од 31.07.2020, „Службен Гласник на општина Дебрца“ бр.08/20), односно, *Одлука за времен прекин на донесување и спроведување на урбанистички планови и постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти* (Одлука на Советот на општина Струга бр. 08-1861/5 од 03.06.2020, „Службен Гласник на општина Струга“ бр. 8/2020;) Треба да се напомене дека и покрај истекот на рокот на важност на одлуките, општините

постапуваат согласно одредбите во Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион во однос на урбанистичкото планирање.

Значајна улога во контролираното урбанистичко планирање во општините Охрид, Струга и Дебрца има и Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион. Со донесувањето на Планот за управување Комисијата за управување го даде својот максимум со цел изнаоѓање начин за правично постапување по одредбите од Планот и негова имплементација, при тоа имајќи ја предвид потребата од развој на општините но и зачувување на вредностите поради кои овој регион е впишан на Листата на светско наследство на УНЕСКО. Токму затоа, Комисијата во улога на координативно и советодавно тело, а со цел почитување на хуманото живеење, зачувување на пределските вредности на регионот, но и сите елементи кои ја сочинуваат неговата исклучителност, максимално се раководеше за почитување на мерките, режимите за заштита и другите одредби дадени во Планот за управување.

Ќе напоменеме дека во 2020 година Комисијата разгледала вкупно 71 предмети, при што 49 од нив не биле одобрени и биле вратени заради нивно усогласување со Планот за управување односно доставување на дополнително потребна документација, 19 биле позитивно одговорени, додека 3 барања биле целосно одбиени како штетни по вредностите на Охридскиот регион.

По донесувањето на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион (јануари 2020) сите одобренија (одобренија за градење) кои се врз основа на новите урбанистички планови се во согласност со овој План, со почитување на режимите за заштита, мерките во однос на висината на градбите и процентот на употреба на земјиштето за изградба на објект.

Исто така, се укажа на Управата за заштита на културното наследство и на Заводот за заштита на спомениците на културата - Охрид до донесувањето на новите детални урбанистички планови за Охридскиот регион кои ќе бидат усогласени со Планот за управување, условите за изградба ба објекти, односно преземање мерки на непосредна заштита со кои непосредно или посредно се нарушува интегритетот на заштитеното подрачје, задолжително да содржат заштитно-конзерваторски услови кои ги издава Управата за заштита на културното наследство а ги изработува Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид. Овие услови треба да бидат нотирани и при издавањето на условите за градба кои ги издаваат општините Охрид, Струга и Дебрца.

Сфаќајќи ја сериозно забелешката за претераната урбана трансформација на просторот, која произлегува од лошо водениот процес на урбанистичко планирање во изминатиот период, со наведениот Заклучок на Владата на Република Северна Македонија, укажано е на општините Охрид, Струга и Дебрца да започнат со постапките за изменување и дополнување на урбанистичките планови од надлежност на нивните општини со цел нивно усогласување со Планот за управување при што во наведените постапки задолжително да се има предвид

мислењето на комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион.

Со урбанистички план од 2000 година предвидена беше марина во Студенчишкиот канал, но со донесувањето на Планот за управување оневозможено е изградба на таква марина во Студенчишкиот канал со што таков проект е невозможно да се развие. Шеталиштето покрај Студенчишкиот канал се состои од камен канал и дрвени столбови што се користат за прицврстување/вкотвување на малите чамци.

**Прилог 4** - Состојба на шеталиштето покрај Студенчишкиот канал - фотографии.

Во однос на охридската обиколница која се споменува во Нацрт Извештајот на Реактивната мониторинг мисија од јануари 2020 година, укажуваме дека тоа е стара и напуштена идеја. Таков проект или развој на проект, или развој на било каква проектна документација не постојат.

**Финализирање на планска документација (Препорака 7)**

Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион е донесен од страна на Владата на Република Северна Македонија во јануари 2020 година и истиот е доставен до Центарот за светско наследство на УНЕСКО во април 2020 година. Со неговото донесување е отпочнат процесот на усогласување на урбанистичките плански документации со одредбите од Планот.

Со записникот од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија (бр. 44-10330/1 од 7 декември 2020 година) Министерството за транспорт и врски е задолжено да постапи во однос на подготовка на потребната планска документација. Во Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021 година е предвидена изработката на *Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас во Охридскиот регион.*

На 39-тата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16.01.2021 година беше усвоена Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021 година, во која е предвидено да се изработи детален урбанистички план за крајбрежниот појас на Охридското Езеро, кој ќе ги спроведе одредбите од Планот за управување во врска со заштитените зони и режим на заштита.

**Бесправни градби и инвентар на бесправни градби (препорака 9)**

Министерството за транспорт и врски формира Работна група за изработка на акциски план за постапување по инвентарот за бесправно изградени објекти во Охридскиот регион. Работната група ја започна својата работа и се работи на ажурирање на инвентарот на бесправни градби, нивно мапирање по што ќе следи постапката на уривање. Изработката на Оцена на влијанијата врз животната

средина и културното наследство – претставува голем предизвик поради немање национална методологија ниту правна основа за спроведување на оваа активност. Се разгледува можноста за инкорпорирање на изработка за Оцена на влијанијата врз животната средина и културното наследство во националната легислатива како и можноста **да се побара советодавна мисија на УНЕСКО**.

ЈУ Национален Парк Галичица активно учествуваше во изработката на инвентар на нелегални градби. Дополнително, до Министерството за транспорт и врски достави податоци за нелегални градби на територијата на Националниот парк кои треба да бидат приоритет за уривање. Ваквото барање е мотивирано со фактот дека овие бесправно изградени објекти се наоѓаат во природната зона во која според Планот за управување со Националниот Парк Галичица не е дозволена урбанизација поради концентрацијата на природни вредности и потребата од нивна заштита. ЈУНПГ континуирано со спроведувањето на непосредна заштита со своите вработени (чувари на паркот) за сите регистрирани градби редовно ја информира Општина Охрид и бара градежната инспекција да изврши увид дали инвеститорот ги има обезбедено потребните документи. Во евидентирањето на бесправно изградените објекти на територијата на Националниот парк Галичица активно се вклучи и Министерството за внатрешни работи.

Напредок во однос на уривањето на бесправно изградените градби е постигнат и во 2020 година (нотирано и во досегашните извештаи за напредокот дадени од државата-членка). Процесот продолжува, но потребна е подолга временска рамка за спроведување на оваа активност имајќи ја предвид комплексноста и административните постапки за нејзино спроведување.

На општина Охрид, која веќе започна одредени активности за уривање на бесправните градби на нејзината територија, дополнително преку Министерството за транспорт и врски на Општина Охрид и се доделени 6.000.000,00 денари (с. 97.000 €) како поддршка за спроведување на активности за уривање на бесправно изградените објекти.

**Зајакнување на прекуграничната соработка со Република Албанија во заштитата и зачувувањето на доброто, особено за следење на биодиверзитетот и квалитетот на водата на езерото, размена на релевантни научни податоци и воспоставување на заеднички активности за управување, како што се заеднички договорени квоти за риболов. (Препорака 12)**

На 02.12.2020 година потпишана е Спогодба меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство и рурален развој на Република Албанија за заедничко одржливо управување со риболовот во Охридското и Преспанското Езеро, со која е дадена можност за заедничка соработка во областа на рибарството која особено се однесува на:

- Одржливо користење и заштита на рибниот фонд;
- Усогласување на управувањето со рибарството што ќе опфаќа:

- Најмала дозволена големина на риби по видови;
- Забрана за риболов;
- Подрачја со забранет риболов;
- Дозволена опрема за риболов (вклучувајќи вид, технички карактеристики, број, итн.) и практики;
- Регулирање на пристапот до рибарството;
- Квоти;

- Размена на информации за управувањето со рибарството;
- Борба, одвраќање и елиминација на нелегален риболов и криумчарење;
- Заедничка анализа на податоци и информации.

Процедурата за стапување во сила на Спогодбата сеуште е во тек.

## Заедничко управување со Доброто помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија

Меѓудржавниот механизам за заедничко управување помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија, се базира на Комитетот за заедничко управување формиран во јануари 2020 година. Билатералните разговори со релевантните претставници од Република Албанија цел изнаоѓање механизам за заедничко управување продолжуваат. Во 2020 година се одржаа два состанока. Динамиката беше условена од состојбата со пандемијата COVID 19. Република Северна Македонија смета дека има потенцијал и потреба членството на заедничкиот комитет да биде издигнат на високо политичко ниво со цел навремено и ефективно спроведување на одлуките и ќе иницира дијалог со партнерската држава членка по ова прашање.

## Колекторски систем (Препорака 13)

Во текот на 2020 година, Република Северна Македонија ги интензивираше активностите за санација и рехабилитација на колекторскиот систем на Охридското Езеро како еден од главните чинители за заштита на Охридското Езеро од загадување. За оваа цел државата имаше одвоено значителна сума од 4.149.000 милиони евра државниот буџет и покрај финансискиот притисок кој произлезе како резултат на здравствената пандемија.

Во периодот декември 2019 година - август 2020 година беше извршена целосна санација на критичните точки на колекторскиот систем со што се спречи понатамошно излевање на фекалии во Охридското Езеро. Согласно тендерската постапка во декември 2019 година се премина на реализација на ставките кои беа предвидени во истата и кои се одвиваа во неколку фази.

Чистење и санирање на цевководот беше извршено на четири локации:

- Првично се изврши снимање на колекторскиот цевковод и тоа на потегот од старата детска болница, односно препумпната станица „Гранит“ до хотелот

„Аквалина", при што се поставуваа пристапни патишта и се расчистуваше теренот од вегетација. Следна фаза на истата локација беше високопритисочно прочистување на цевководот и отстранување на талози, разни материјали и градежен шут како и корења од вегетација навлезени во цевководот и истиот се доведе до состојба на чиста цевка. Се изградија нови шахти и се санираа постоечките со водонепропусни материјали и се пристапи кон инсталирање на цевка ф800 во веќе посточека цевка со најновата CIPP технологија во должина од 700 метри.

- Санација се изврши и на плажата „Лагадин", каде се изврши чистење на цевководот и со системот цевка во цевка се инсталира цевка ф600 во должина од 400 метри.
- На потегот од плажата „Голден Бич" до пред плажата „Кадмо", е извршено чистење на цевководот и се изврши инсталација на цевка ф800 во должина од 1400 метри. Експертите од Реактивната мисија во јануари 2020 година имаа прилика и лично да го видат овој процес..
- Четврта и последна локација на која се работеше е потегот после препумпната станица „Даљан", односно после болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо" до препумпната станица „Подмоље" каде имаше големи нарушувања на цевководот и излевање на фекалии во езерото. На овој потег после снимањето и чистењето на цевководот се пристапи кон инсталација на цевка ф1000 во должина од повеќе од 500 м.

Дополнително извршено е чистење на фекална секундарна атмосферска канализација во градовите Охрид во должина од 8 км и Струга во должина од 6 км, како и репарирање на 20 комплети пумпи на вкупно 18 препумпни станици.

Вкупната должина на санираните критични точки на цевководот на колекторскиот систем изнесува околу **3000 метри** за што беа потрошени средства во висина од 257.554.057 македонски денари.

Со овие интервенции се отстранија сите критични места од цевководот каде досега имаше излевање на непрочистени фекалии во Охридското Езеро и во неговата близина. Значително се намали и продирањето на подземните води кои прават голем проблем по основ на технолошкиот процес, а се реши и проблемот со навлегување на корења кои прават запушување на цевководот, што доведува до намалување на протокот фекална вода во цевководот.

За 2021 година планирано е понатамошно отстранување на инфилтрација на чиста вода во колекторскиот систем кај месноста викано „Грашница", како и кај препумпната станица „Струга 3", каде има навлегување на реката Црн Дрим во цевководот (потребни 40 милиони денари - cc 649.000 €). Исто така планирано е подобрување на енергетската ефикасност (потребни средства во висина од 25 милиони денари - cc 405.000 €); автоматизација на процесот (SCADA) систем (потребни 10 милиони денари - cc 162.000 €); репарација за полжните пумпи

(потребни 25 милиони денари - сс 405.000 €); санација за базените (потребни 15 милиони денари - 243.000 €); како и санација на пречистителната станица (потребни средства во висина од 17 милиони денари - 276.000 €).

Покрај наведените активности планирани се и инвестиции кои ќе се реализираат од сопствени средства, и тоа:

- Доградба на работни простории 2 милиони денари
- Санација на кровни површини на препумпни станици и чуварски куќи 1 милион денари
- Набавка на лесни возила – пикапи 4 милиони денари
- Набавка на тешки товарни возила 3 милиони денари
- Набавка на пумпи 4 милиони денари
- Изработка на елаборати за животна средина 1,5 милиони денари
- Изработка на проекти за отпадни води 1,5 милиони денари

**Прилог** 7: Чистење и санација на Колекторски систем и пумпни станици - Охрид/Струга

**Препорака 14,**

Потребната документација е доставена со Извештајот за напредокот Ref.No. 34-11732/24 од 29.11.2018 год.

**Да се развијат и имплементираат мерки за стабилизирање на нивото на водата на Охридското Езеро, вклучително и редовно следење и контрола на испуштањето на езерските води во реката Црн Дрим од страна на АД ЕСМ, и да се испитаат можностите за повторно насочување на реката Сатеска кон реката Црн Дрим (Препорака 15)**

Мерки за стабилизирање на нивото на водата на Охридското Езеро и редовно следење и контрола на испуштањето на езерските води во реката Црн Дрим од страна на АД ЕСМ Скопје е востановена пракса и вакви мерења се вршат секојдневно во минатиот период. Имено, мерењето на нивото на котата на Охридското Езеро се врши континуирано два пати дневно на одредено мерно место на брегот на Охридското Езеро. Паралелно на мерењето на нивото на Охридското Езеро од страна на АД ЕСМ, исти такви мерења но на различно мерно место врши и Хидрометереолошкиот институт на Република Северна Македонија.

Нивото на Охридското Езеро се одржува помеѓу законски определените коти од 693.10 мнм до 693.75 мнм., а во исклучителни случаи при изразито хидролошки влажни години до 694.00 мнм., кои што коти се наведени во добиената Водостопанска дозвола на АД ЕСМ издадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија на 25.09.2017 година со број Бр.УП1-1/-21/16.

Во наредниот период од страна на АД ЕСМ се планира и понатамошно редовно следење на нивото на водата на Охридското Езеро.

АД ЕСМ Скопје во наредниот период планира поставување на автоматска хидрометролошка станица за мерење на нивото на Охридското Езеро, а заради транспарентност, резултатите од оваа станица ќе се прикажуваат на дисплеји поставени на јавно место на локација во градот Струга. За таа цел беше реализирана постапка за јавна набавка за поставување на автоматска хидрометролошка станица со дисплеи и моментално оваа постапка е во завршна фаза. Очекуваме истата да почне да функционира на почетокот на 2021 година.

*Река Сатеска*

Проектот за пренасочувањето на реката Сатеска ќе се одвива со помош на УНДП кои ја поддржуваат изработката на техничка документација за во текот на 2021 година. Откако се финализираше физибилити студијата, тековно се работи на проектната документација. По завршување на изведбениот ревидиран проект и добивање на сите потребни дозволи, ќе започнат работите на пренасочувањето на реката Сатеска, најдоцна во последниот квартал на 2021 година.

Дополнително во соработка со АД Електрани на Северна Македонија е спроведено чистење на наносот од Охридското Езеро на местото на истекот на реката Црн Дрим и чистење на наносот од речното корито на река Црн Дрим во градското подрачје на Струга. При тоа исчистени се околу 50.000 м3 нанос. Со овој проект/реализација се создаваат услови за полесна реализација на Проектот за пренасочување на реката Сатеска во реката Црн Дрим.

Проектот за пренасочување на реката Сатеска се состои од четири фази:

- Реконструкција на старото корито на реката Сатеска од с. Волино до реката Црн Дрим (8 км);
- Изградба на структура за пренасочување на дел од протокот на реката Сатеска;
- Регулација на горниот тек на реката Сатеска од с.Волино до с. Клемештица (20 км);
- Таложници за нанос во горниот тек на реката Сатеска, пошумување и други антиерозивни мерки за намалување на седиментот што го транспортира реката Сатеска;

Исто така, во рамки на новиот регионален проект „*Адаптација кон климатските промени во областа на прекугранично управување со ризик од поплави*", кој ќе се имплементира во Северна Македонија, Косово, Албанија и Црна Гора, со фокус кон Дримскиот речен слив, продолжуваат активностите согласно предвидената динамика, а како пилот проект е предвидено враќање на реката Сатеска во старото речно корито.

Во рамките на ГЕФ Проектот за изработка на План за управување со сливот на Црн Дрим, во 2020 година, изработен е *Нацрт План за управување со сливот на*

*Охридско Езеро* согласно барањата на РДВ (www.moepp.gov.mk), како и Предлог проектна задача за подготовка на План за управување со сливот на проширеното подрачје на Црн Дрим. На 27.11.2020 година, Нацрт Планот за управување со сливот на Охридско Езеро беше дискутиран и прифатен и од страна на Билатералниот Комитет на управување со Охридското Езеро, - тело формирано од двете земји кои го делат Охридското езеро односно Република Северна Македонија и Република Албанија;

Во рамки на ГЕФ/УНЕП Проектот: "*Постигнување заштита на биодиверзитетот преку креирање и ефективно управување со заштитените подрачја и одржување на биодиверзитетот во планирање на користење на земјиштето*", во кој МЖСПП е главен партнер и корисник на резултатите, експерти од IUCNи UNEP тековно изготвуваат *Студија за валоризација на Споменик на природа - Охридско Езеро*. Во рамки на истиот проект отпочнати се и активности за изработка на *Нацрт-План за управување со Споменик на природа- Охридско Езеро*; Нацрт Студијата за валоризација на Охридско Езеро е во завршна фаза, и се работи на усогласувања со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, по што согласно националната легислатива следи усвојување на Одлука за прифатливост на предлогот за прогласување на Охридско Езеро за споменик на природата (април 2021), потоа јавна расправа (до јули 2021 година) и согласно динамиката Законот за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата треба да биде усвоен од Собранието на Република Северна Македонија (септември/октомври 2021 година).

Владата на Република Северна Македонија на Дваесет и првата седница, одржана на 17 ноември 2020 година ја донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категоријата парк на природа. Во тек се активности за спроведување на јавна расправа по предлогот, по што следува подготовка на конечен предлог за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категоријата парк на природата, по што во законска постапка Нацрт Законот за прогласување треба да го донесе Владата и да го усвои Собрание на Република Северна Македонија (најдоцна до јуни 2021 година).

Охридското Езеро заради своите природни вредности во 2020 г. е номинирано за Рамсар подрачје, а од аспект на заштитата на значајни ЕУ видови и живелишта МЖСПП ги идентификува сите три природни езера во земјата, вклучително и Охридското Езеро како потенцијални Натура 2000 подрачја.

<u>**Функционален систем за собирање отпад/ Депонија Буково (Препорака 16)**</u>

Министерството за животна средина и просторно планирање прави напори да обезбеди финансиски средства за затворање и рекултивација на депонијата Буково и сите непрописни депонии на територијата на доброто, односно за воспоставување функционален систем за управување со комуналниот отпад во

Југозападниот плански регион во кој влегува и Охридскиот регион. За таа цел потпишан е меморандум за разбирање со Европската банка за обнова и развој. Исто така, Министерството за животна средина и просторно планирање поднесе Информација до Владата на Република Северна Македонија за обезбедување финансиски средства. На седницата одржана на 2 февруари (бр. 40-1805/1) Владата ги задолжи Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање да спроведат постапка за обезбедување заем за воспоставување на регионален систем за управување со отпадот, што ќе вклучи и ремедијација на нестандардните (non-compliant) депонии на Струга и Охрид.

**Прилог 5**: Заклучок на Влада.

**Регулирање на сообраќајот во Старото градско јадро на Охрид (Препорака 18)**

Реформите во сообраќајниот режим воведени во 2019 година од страна на општина Охрид се во насока на рестрикција на моторни возила во стариот дел на градот. Сообраќајот во стариот град на Охрид е регулиран на сите три влеза во охридскиот стар град, со рампи и електронски картички (пристапот е ограничен само на жителите на стариот град). За сообраќај е затворена и улицата која паралелна со „Кејот Македонија" со цел негово ослободување од моторни возила.

**Прилог 6**: Рестрикција на сообраќајот во центарот на Охрид

**Спроведување на соодветни мерки со цел да се спречи какво било губење на археолошки остатоци и влошување на кохерентноста на архитектонското и урбанистичкото планирање (Препорака 19)**

Обврските и постапките кои произлегуваат од националната легислатива а во насока на преземање мерки со цел спречување на губењето на археолошките остатоци и влошување на кохерентноста на архитектурата и урбанистичкото планирање се нотирани и во Извештаите за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот регион доставени до Центарот за светско наследство на УНЕСКО на 15.02.2018 (Ref.No.34-380/57) и на 29.11.2018 (Ref.No.34-11732/24).

Управата за заштита на културното наследство во соработка со Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид продолжуваат посветено да ги спроведуваат законските пропишаните обврски за заштита на културното наследство следствено и на археолошките локалитети кои се загрозени од реализација на разни инфраструктурни проекти и урбанистичко планирање. Во таа насока, а постапувајќи по активностите предвидени во Акцискиот план на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридаскиот регион, работни групи формирани од Управата за заштита на културното наследство изработи измени и дополнување на *Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство* и измени и дополнување на *Правилникот за содржината и методологијата за изработка на*

*заштитно-конзерваторски основи за културното наследство*, како акти кои ќе го подобрат третманот на културното наследство во урбанистичкото планирање.

* * *

**Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (43 COM 7B.36) беше усвоен од Владата на Република Северна Македонија на нејзината 45-та седница, одржана на 16.02.2021 година (бр. 40-2369/1 од 16.02.2021 год.).**

* * *

**Република Северна Македонија дава согласност овој Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот регион да биде објавен на веб страната на Центарот за светско наследство на УНЕСКО без прилози.**

**Потпис на овластеното лице**

**Ирена Стефоска**

**Министер за култура**
**Претседател на Националната комисија**
**за УНЕСКО на Република Северна Македонија**

***Извештајот е изготвен од Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија во соработка со Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија, Управата за заштита на културното наследство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина, Министерството за транспорт и врски, ЈП за државни патишта, ЈУ Национален парк Галичица, ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид, АД Електрани на Република Северна Македонија, Управа за хидрометеоролошки работи, Општина Охрид, Општина Струга и Општина Дебрца.***

# Прилог 1

Редизајнираниот проект за реконструкција на Кејот Македонија






| | | | |
|---|---|---|---|
| АСТРЕКС | Manager: Marko Jastrac | Main project Construction: | Main project designer: Hristo Gorgevski g.c.e. |
| Investor: Municipality of Ohrid | | Phase: "K" / technical number: 457/18 / Scale: 1:50 / Date: March 2020 | Collaborator: Borce Veljanovski g.c.e., Aneta Milosevik g.c.e., Miroslav Vasiljevik |
| | | Drawing: Cross Section 1-1 / page no.: 6 | Auditor: |
| | Purpose of construction: Reconstruction of the Quay Macedonia Ohrid | Project coordinator: Smilevski Aleksandar grad.arch.ing | |

ФОТО







*слика 1, 2, и 3: Состојба на руинираниот „Кеј Македонија“*

# Прилог 2

Одлука на Владата на Република Северна Македонија

**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.40-653/1
Скопје, 19 јануари 2021 година

**ДО КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јануари 2021 година**

„ТОЧКА 32: Предлог - одлука за престанување на важење на Одлуката за основање на туристичката развојна зона Љубаништа 1

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за основање на туристичка развојна зона „Љубаништа 1", во предложениот текст.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зекири**

Подготвил: Владимир Лазоревски
Контролирал: Зоран Бранрачевски / м-р Билјана Цекевска / м-р Ирина Маџова
Согласен: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Одобрил: Дејан Јакимовски

1 | Генерален секретаријат Влада на Република Северна Македонија | Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија | +389 2 3118 022 www.vlada.mk

# Прилог 3

Уривање на бесправно изградени објекти на Охридското крајбрежје (фото)










3CX



# Прилог 4

Состојба на шеталиштето покрај Студенчишкиот канал - фотографии










*Слика 1, 2 и 3 Пред реконструкција на шеталиштето*









*слика 4, 5 и 6 По реконструкција на шеталиштето*

Прилог 5

Влада на Република Северна Македонија

Бр. 40-1805/1

Скопје, 2 февруари 2021 година

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

С К О П Ј Е

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Четириесет и третата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 2 февруари 2021 година**

„ТОЧКА 30: Информација за потребните средства за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Југоисточен, Вардарски, Пелагониски, Југозападен и Полошки Регион

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребните средства за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Југоисточен, Вардарски, Пелагониски, Југозападен и Полошки Регион и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во соработка Министерството за животна средина и просторно планирање да започне постапка за обезбедување на заем од меѓунардони финасиски организации за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Југоисточен, Вардарски, Пелагониски, Југозападен и Полошки Регион во висина од 55.367.614,00 евра, најдоцна до 15 февруари 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да поднесе апликација до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 20 февруари 2021 година за обезбедување на средства во висина до 70% од инвестицијата (од вкупна инвестиција за Полог 17.370.614,00 евра) преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) на тековниот отворен повик за Инвестициски грантови (6-ти повик за инвестициски грантови дел 2).


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да поднесе апликација до Секретаријатот за европски прашања за обезбедување на средства во висина до 70% од инвестицијата за секоја од инвестициите, односно 10.784.200,00 евра за Југоисточен и Вардарски Регион и 15.813.700 ,00 евра за Пелагониски и Југозападен Регион, преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) на наредниот повик, најдоцна до 15 февруари 2021 година."

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зекири**

ДОСТАВЕНО И ДО:
- **Министерството за финансии**
- **Секретаријатот за европски прашања**

Подготвил: Владимир Лазаревски
Контролирал: Зоран Брзарчевски / м-р Билјана Цоневска / м-р Ирма Мандева
Согласен: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Одобрил: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

# Прилог 6

Рестрикција на сообраќајот во центарот на Охрид





# Прилог 7

Чистење и санација на Колекторски систем и пумпни станици - Охрид/Струга























02-02-20
RO II-12/RO II-11 PARK 800
0:02:28 1° -74.0% 37.51m


САНАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА
НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ОХРИД - СТРУГА
ИНВЕСТИТОР:
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ
- ЕКО-ТЕАМ ДОО
- ИНД-ЕКО ДОО
EKO-TEAM
IND-EKO
НАДЗОР:
МБМ АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Скопје
ДОГОВОР Бр.03-40/1 ( 12.12.2019г. )
СТРУГА
ОХРИД
ОХРИДСКО
ЕЗЕРО